**ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ БИТОЛА**

ул. Булевар 1-ви Мај 268, 7000 Битола • тел. 047 236 036
• e-mail: zdr_napenzioneribt@t.mk




# Програма за работа на органите и телата на Здружението на пензионери Битола

# за 2026 година

## I Вовед

Согласно Статутот  Здружението на пензионери Битола,  ги има утврдено целите интересите , должностите  и задачите согласно Уставот и Законите за пензионерското организирање. За остварување на целите и задачите Здружението на пензионери Битола , Собранието на ЗП Битола , на крајот на секоја година донесува Програма за работа на органите и телата на Здружението за наредната година.

Здружението на пензионери Битола во 2026 година своите активности ќе ги насочи кон реализација на целите и задачите предвидени со Законот за Здруженија и фондации и Статутот на Здружението.,како и промена и дополнување на истата од секојдневните потреби на членството.

## II Моменталната состојба

Здружението на пензионери Битола како невладина и непартиска организација има 33 ограноци (23 урбани и 10 рурални)  на пензионери, во кои членуваат корисници на старосна,семејна и по други основи 20.124 членови пензионери, во кој број се вклучени и пензионерите од Општина Новаци и Могила.

## III Цели  и задачи на програмата

Целите  и задачите на програмата за работа  се утврдени во чл. 8 од  Статутот на ЗП Битола,  што значи  следење и  и остварување на определбите  што се утврдени  со оваа Програма ,како и  правата утврдени со Уставот, Законите и Стаутот, а се од витално значење за пензионерите во сите свери на општественото живеење.

Превземање на активности за остварување на правата на членовите на пензионерите, унапредување и јакнење на Здружението на пензионери и развивање на демократски односи  следење на прописите од областа на пензиското осигурување, остварување на поцелосна и поквалитетна здравствена заштита, збогатување и унапредување на културните,спортските и социјално-хуманитарните потреби на пензионерите во соработка поддршка  на СЗПМ и преку  претставницициите делигирани во органите и телата  во  Сојузот на здруженијата на пеннзионери на Република Северна Македонија. Црвенит крст и Локалната самоуправа.

## IV СЛЕДЕЊЕ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА (МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА)

Мониторингот и евалуацијата на Програмата се во надлежност на Извршниот одбор на Здружението на пензионери, преку информации, полугодишниот и годишниот извештај, дава отчет за извршување на задачите програмирани за соодветната година. Го следи извршувањето на предвидените активности или пак се изнесуваат причините поради кои одредени активности не биле извршени.

## V ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Средствата за финансирање на Програмата се предвидени со Финансискиот план на ЗП Битола за 2026 год.Доминантен извор на финансирање е членарината на пензионерите,мал дел од камати донаци и други приходи од проекти и др.

## VI ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ СО СЗПМ и ДР.ЗДРУЖЕНИЈА

**-Заштита на правата од пензиското и инвалидското осигурување**

Оваа активност ги опфаќа заложбите и заштита на стекнатото право на пензија , редовна исплата и тековно усогласување на пензиските примања.Унапредување на формулата за усогласување на пензиите со натамошно барање пензиите да се усогласуваат два пати во годината и тоа: од 1 јануари и од 1 јули во тековната година, дегресивно усогласување во одделни периоди,

Усогласување на пензиите да продолжи според порастот на трошоците на животот и порастот на платите,со право на поповолниот процент.

Покренување на прашања и иницијативи во интерес на пензионерите преку работни средби со збратимените здуженија Прилеп, Горче Петров Тетово и др здруженија , како и со ЗП од Врање Република Србија.

- **Здраствена и социјална заштита на пензионерите**

Здружението на Пензионери Битола во идната година , во соработка со Комисијата за здрство во СЗПМ, ке иницира зголемување на лимитот на пензиите за ослободување од партиципација за дијагностичко и болничко лекување, или укинување на целосната партиципација .

-Редовно ажурирање на позитивната листа со поквалитетни и посовремени лекови, во согласност светската здраствена организација.

-Во соработка на Комисијата за здраство ке се бара преку Фондот за здраствено осигурување ,пензионерите да користат здраствени услуги и во приватните здраствени организации со доплата на разликата во цената од државните до приватните здраствени установи.

Прифакање и реализирање на сите спогодби, договори и меморандуми од страна на СЗПМ со здраствените установи, за превентивни и здраствени услуги на пензионерите,како и со други институции кои ке нудат поповолни услуги за пензионерите.

**Здружението** ке продолжи и во идната година со обезбедување на бесплатна лабараториска анализа на три параметри( шеќер во крвта, триглицериди, холестерол) како и бесплатно мерење на крвен притисок еднаш месечно во договор со две битолски лабаратории.

Ке се продолжи со доделување на еднократна финансиска помош на заболените пензионери од потешки дијагностицирани заболувања, согласно правилникот и Комисијата за здраство.

Здружението ке продолжи со склучување и обновување на договорите со бањско климатските установи за повластено користење на услугите и намалени цени.

Ќе посредова при обезбедување на огревно дрво и пелети во наредниот период по поволни цени и плаќање на повеке рати.

Здружението на пензионери Битола и во идната година ќе продолжи да посредува при набавката на прехрамбени продукти ,на рати и поволни цени.

Во наредната година планираме да ги подржиме подржуваме творештвото за пензионерите кои творат.

Во соработка со Општинската организаџја на Црвениот крст Битола, ке посредува во посета на изнемоштени пензионери од руралните населени места во набавка на храна и лекови, во давање помош и нега во домашни услови , посебно насочени кон остварување на правата на оние пензионери кои спаѓаат во ранливи категории (социјално загрозени, изнемоштени, самци и др.)

Доделување на хуманитарна помош и др. донации по оцена на Извршниот одбор, со донесување на посебни одлуки.

Ке се вклучуваме во акциите кои ги организираат Здрствените организации и Црвениот крст, за превентивни здраствени активности мерење на гликемија крвен притисок очен притисок и др.

Здружението на пензионери  планира да  одржува едукативни работилници со лекари специјалисти  за превенција,заштита,и  лекување од болестите од кои најмногу заболуваат пензионерите.

Во соработка   со Отсекот за превенција при СВР Битола се планираат едукативни работилници за  заштита од семејно насилство во 2026 година  каде во фокус ќе биде и доследна примена на Законот за заштита од дискримнација и семејно насилство  што подразбира исклучување, разликување и ограничување, вознемирување. малтретирање, повредување, загрозување, физичко и економско насилство, како и заштита  и измами од џепни кражби измами со лажни јавувања по телефон ,заштита  при подигање на пензијата, бебеден сообракај, правилно користење на зејоделска механизација и  др.

**- Спортски активности** -Здружението и понатаму ке организира  подготвителни активости со  Комисијата за спорт на ЗП Битола во обезбедување на спортисти од сите дисциплини, како и обезбедување услови за тренинзи за  учество  на регионалните и републичките спортски натпревари  во 2026 год. организирани од СЗПМ,за кое  Извршниот одбор донесува одлка.

-Спортистите  ке можат да учествуват и   на натпревари  организирани со други спортски  здруженија во Републиката.

**Организирање на културно - забавен живот,  и рекреација**.

-Организирање на еднодневни екскурзии за пензионерите во пролет и во есен. на дестинации низ Македонија  кои ги одредува Извршниот одбор со посебна одлука, во соработка со претседателите на Месните ограноци.

- Организирање на подготовките на  Играорната група ,,Весели пензионери,, и хорот ,,Сирма Војвода,,кои   ке продолжати во идната година   да учествуваат   на регионалните и републичките ревии  на песни музика и игра во 2026 год. организирани од СЗПМ, како и други настапи кои ке бидат организирани од Општината, Републиката и други здрженија  на пензионери во РСМакедонија и надвор од неа.

-Организирање посети во Домовите за стари лица за одбележување на државните и верските празници.

- обезбедување  и опремување  на простории за пензионерски клубови во урбаните и руралните месни ограноци   за пензионерите во  наредната година , по можност во Месните заедници. За таа цел раководството на ЗП Битола ќе биде во постојана комуникација со Градоначалникот на Општинате Советот на Општина

Битола за  отстапување на  простор во Месните заедници за клубови на пензионерите.

-Ќе  се продолжи да се  аплицира на отворените повици објавени од Општина Битола  за проекти,  од Програмите за 2026 година ,каде целна група ќе бидат пензионерите, финансирани од  Буџетот на Општина Битола, или од  други донатори.

-Здружението и во 2026 година ке продолжи со активности   за заштита на човековата околина  и ќе  покаже дека се грижи  за унапредување на животната средина  со подготвување на промотивен матерјал за подигање на свеста за зачувување на здрава околина,учество во активности на  засадување на дрва , активности за чистење на  околината во која живееме.

**- Јубилејно одбеежувањето на пензионерското организирање на Здружението**

Во 2026 год. Здружението на пензионери Битола  ке го одбележи јубилејот 80 години постоење од пензионерското организиранје во Општина Битола. За таа цел ке се организира прослава, свечана седница на Собранието, печатени материјали. за досегашното наше постоење и постигнатите резултати.

-Програмските активности на ЗП Битола се реализираат преку активностите на органите и телата на здружението и тоа: Собранието, Извршниот одбор, Надзорниот одбор и Комисиите формирани од Собранието. Воедно тука спаѓаат активностите на стручната служба на Здружението.

**-Работата на органите и телата на здружението е јавна и транспарентна**

Информациите за активностите кои ке се реализираат во текот на годината  и за работата на органите и телата  до М.О стигнуваат  преку претседателите на М.О со доставување на материјали за седница , програмата за работа, пологодишниот и годишниот извештај ,завршната сметка   facebook , страницата на здружението локалната телевизија,  e-mai lпораките  телефонски известувања и web странатa SZPM.

Пензионерите  во  Месните ограноци  се информираат преку претседателите на М.О. со доставување на   материјали за седници ,известувања  ,соопштенија, дистрибуција на  весникот ,,Пензионер плус,,

Важните информации и соопштенија се објавуваат и на  на Страницата на ЗП Битола на Facebook и локалната телевизија.

**<u>VII  Собрание на Здружението на пензионери Битола</u>**

Собранието на ЗП Битола во текот на 2026год. ке ги има следните активности:

1. Усвојување на програмата за работа на Здружението за 2027год. на предлог на Извршниот Одбор

Рок Декември 2026год.

2. Усвојување на финансискиот план на Здружението за 2027 год. на предлог на Извршниот Одбор

Рок Декември 2026год.

3. Усвојување на годишниот извештај за работа на Здружението во 2026 год. на предлог на Извршниот одбор.

Рок Јануари - Март 2027год.

4.Усвојување на завршната сметка на Здружението за 2026год. на предлог на Извршниот одбор.

Рок Јануари - Март 2027год.

5. Усвојување на извештајот од Надзорниот Одбор за 2026год.
Рок Јануари - Март 2027год.

6.Усвојување на периодичната пресметка за финансовото работење на ЗП Битола за периодот од 01.01 до 30.06 2026 год.
Рок Август,септември 2026год.

Покрај наведените активности Собранието во текот на 2026 год. може да разгледува и други прашања кои ќе произлезат од активностите на здружението, а согласно Статутот се во негова надлежност.

**VIII Извршен одбор на Здружението на пензионери Битола**

Извршниот одбор на своите седница во текот на 2026 год. ќе донесува, согласно Статутот на Здружението, одлуки, решенија и други акти кои произлегуваат од тековното работење на Здружението, а ќе ги спроведува и одлуките и заклучоците донесени од Собранието на Здружението.

Во 2026год. Извршниот одбор ќе донесува одлуки за купување на основни средства и нивно,тековно и инвестиционо одржување во согласност со средствата предвидени во финансовиот план, односно во согласност со финансиските можности на здружението и потребата од нивно одржување.

За сите посебни инвестирања во набавка  и одржување  на основните средства, како и користење на средства за организирање на културни, спортски и други активности кои се во функција на Здружението ИО ќе носи посебни одлуки.

Извршниот одбор во 2026 год. ќе остварува соработка со Општините Битола, Новаци и Могила, со Црвениот Крст на Македонија О.О.Битола, Домот за народно здравје Клиничка болница Битола и со одделни невладини организиации се со цел помагање на стари и изнемоштени лица – пензионери, за обезбедување на потребните животни намирници, обезбедувње на лекови, и други потреби на овие лица се со цел овозможување на услови за нивниот подобар живот.

Соработката со досега збратимените здруженија  во Републиката,  и надвор од неа ќе продолжи и во 2026 год. а ќе се воспоставува соработка и со нови здруженија. Истовремено ќе продолжи соработката со  сите здруженијата на пензионери од Републиката.

Во 2026 година ке продолжиме пензионерите да им обезбедиме огрев, дрва и пелети по пониски цени и на повеке рати  `

Ќе продолжи во 2026 год. со обезбедување на некои прехрабрени производи, на рати и по пониски цени.

Ќе се продолжи  во соработката со  Комисијата за старски домови и стандард во СЗПМ и  надлежните  институциите  за  грижа на  болните и изнемоштени пензионери сместени во старските домови со преземвање на активности за подобрување на условите каде што се сместени.и градење на нови државни домови за стари лица.

## **<u>IX Надзорен одбор  на Здружението на пензионери Битола</u>**

Надзорниот одбор  во 2026 год.  перманентно ќе го следи работењето на Собранието и Извршниот одбор со присуство на нивните седници, а по потреба ќе одржува и седници за разгледување на одделни прашања од материјално-финансиското работење на здружението, како и спроведување на одредбите од Статутот на Здружението и позитивните законски прописи.

## **<u>X Комисии</u>**

Комисиите формирани од страна на Собранието и Извршниот одбор во текот на 2026год. ќе се ангажираат, секоја во својата област на дејствување, за реализирање на статутарните и програмските активности на здружението.

-**Комисијата за статут и правни прашања** ќе ги следи прописите од областа на пензиското и здравственото осигурување, како и примената на Статутот и другите акти на Здружението. Исто така по потреба ќе предлага измени и дополнување на Статутот, донесување на одделни акти на Здружението или нивно изменување или дополнување.

**-Комисијата за здравство и здравствена помош** ќе решава по барањата на пензионерите за еднократна парична помош за одредени болести предвидени во правилникот за здравсто и здравствена заштита на корисницте на пензија, а по потреба ќе предлага и измена и дополненија на правилникот во смисла на предвидување на нови болести, за кои ќе се одобрува парична помош.

-**Комисијата за стандард и снабдување** ќе ги разгледува пристигнатите понуди за купување на клубови, набавка на стоки и услуги за потребите на Здружението, и изведување на определени градежни  работи. Под стоки и услуги се подразбира набавка на основни средства и инвентар како и прехранбени прозиводи за пензионерите.

-**Комисијата за стан и станбени прашања** ќе ги разгледува и одлучува по поднесените барања за добивање на станови под наем во слободните гароњери на ЗП Битола од страна на пензионери со ниски пензии и нерешено станбено прашање.

**-Комисијата за забава и култура** ќе организира културно забавни манифестации на пензионерите на општинско, регионално ниво и на ниво на РСМ во рамките на средствата предвидени за таа намена со финансовиот план на здружението и програмата за работа на комисијата.

- **Комисијата за спорт и спортски активности** ќе се ангажира за формирање на секции во одделни области на спортот и ќе работи на подготовка на спортистите-пензионери за учество на регионалните и републички спортски игри во организација на СЗПМ и за постигнување на што подобри резултати, како и во други организирани спортски настани со други здруженија на пензионери.

-**Комисијата за клубови** Се грижи за обезбедување простор   за  клубови  на пензионерите во урбаните и руралните заедници каде пензионерите ќе се дружат и организирано ќе го поминуваат слободното време во играње на шах, карти,домино  и други општествени  игри корисни за нив.

-**Комисијата за соработка со други здруженија** од РСМ и надвор од земјата во 2026год. ќе се ангажира за воспоставување на односи на ЗП Битола со други здруженија надвор од РСМ и ќе организира соработка со тие здруженија во смисла на воспоставуање на трајна соработка со истите. Исто така оваа комисија

ќе работи на воспоставуање на соработка со здруженијата на пензионери од РСМ со кои досегшаниот период ЗП Битола нема воспоставено односи на соработка.

-**Комисијата за доделување на помош на  членови** на здружението и хуманитарни акции ќе организира, во соработка со Општините, Црвениот Крст на Македонија О.О.Битола и невладините организации, хуманитарни акции и доделување на помош на пензионери членови на ЗП Битола кои имаат потреба од таква помош.

-**Комисијата за попис** еднаш годишно, на крајот од годината ќе врши попис на основните средства, ситниот инвентар, паричните средства, побарувањата и обврските, а по потреба истото ќе го прави и во текот на годината.

## XI. Секцијата на жени

Секцијата на жени во 2026 год. се ќе ангажира за активирање на жените во месните ограноци.

Ќе одржува редовни состаноци,  еднаш во неделата во определени термини  во текот на годината согласно програмата, ќе одржува заеднички средби со одделни комисии на здружението во области што ја тангираат жената пензионерка, посебно со комисијата за забава и  култура  ќе соработува  со локалната самоуправа, граѓански организации и оддени институции во државата, кои се надлежни  за пензионерите..

Во текот на 2026год. ќе организира и одржување на одделни трибини како што се човековите права, поетски вечери, физичката активност и здравјето на пензионерите, исхраната и здравјето од третото доба, бебедноста во домот и сообраќајот, семејното насилство а ќе одржи и работилница за обука и заштита на пензионерите за подигање на пензија од банките, преку банкомат и шалтер, како и  дигитално описменување.

Активноста на секцијата на жени во 2026 год. ќе биде насочена и  кон реализирање на хуманитарни акции по разни поводи како што се:

-Предновогодишна забава со цел дружење и разменување на искуства  за идни активности во наредната година.

-Посета и чествување на Новогдишните и Божиќните празници со новогодишни подароци во Домовите за стари лица во Битола,

-Традиционална прослава на старата Нова година. (Василица)

-Одбележување на 8-ми Март денот на жената со пригодни настани и со посета на пензионерските домови во Битола со подарување на цвеќе или други подароци за добро здравје на пензионерите.

-Организирање Базар за собирање на прехрамбени артикли  и донирање на стари лица по повод   за одбележување на празникот Велигден и Рамазан Бајрам.

-По повод „4ти Ноември" – Денот на ослободувањето на Битола ќе се организира, положување на  цвеке на спомен обележјата од НОБ,  и организира традиционаланата забава со учество на повеќе активи на жени – пензионерки од Здруженијата на пензионери во РС Македонија.

- Одбележување  на Светскиот ден на старите лица, 1-ви Октомври .

По повод светскиот ден на гладта 16 Октомври ке се донира храна и облека на пензионери со ниски примања ,болни и осамени, во соработка со Општинската организација на  Црвениот крст Битола.

Секцијата на жени во 2026 год. ќе се ангажира и на Планот на организирање на екскурзии низ Републиката и надвор од неа, посета на други здруженија на пензионери по повод нивните прослави, како и учество во спортските игри кои ги организира здружението, ќе се вклучува и во културните случувања во Општината со посета на театарски претстави концерти и други културни манифестации

**<u>XII Пеачка група „Сирма Војвода"</u>**

Пеачката група во 2026год. ќе ги има следните активности:

- Учество на регионаланата и републичката ревија на песни, музика и игри
- Учество на фестивалот „Илинденски денови" Битола и на дефилето низ градот.
- Светски ден на пензионерите „20-ти Септември"
- Учество на пригодни посети и прослави  на детските градинки во Битола
- Концерт по повод Денот на ослободувањето на Битола „4 ти Ноември"
- По повод државни и верски празници ке одржува Концерти во ЈЗУ Специјализирана болница за геријатриска и палијативна медицина Битола Дом за стари лица Сју Рајдер – Битола , по покана и во  другите привати домови за стари лица .

**XIII Играорна група,, Весели пензионери,,**

-Играорната група ,,Весели пензионери,, во 2026 год. планира активно да се вклучи со свои настапи на повеќе пригодни настани со песни и ора од македонскиот фолклор и тоа:

- Учество на регионалананата и републичката ревија на песни, музика и игри
- Учество на фестивалот „Илинденски денови“ Битола и на дефилето низ градот.
- Свтскиот ден на пензионерите „20-ти Септември“
- Учество на пригодни посети и прослави на детските градинки во Битола
- Концерт по повод денот на ослободувањето на Битола „4 ти Ноември“
- Ке одржува Концерти во , Дом за стари лица,, Сју Рајдер,, – Битола и по покана од други привати домови за стари лица .

Ке учествува и по покама во други здруженија во Републиката и надвор од неа

**<u>XIII.Стручната служба на Здружението на пензионери Битола</u>**

Стручната служба на ЗП Битола ќе ги извршува актите донесени од И. О. и Собранието на здружението кои согласно актот за систематизација се во нејзина надлежност.

Оваа програма во текот на нејзината реализација може да претрпи измени и дополнувања.

Декември 2025 год

Претседател на Собранието

Вера Ѓоршевска